# КРИТЕРИУМИ ЗА ИСКЛУЧУВАЊЕ

Апликантите мора да потврдат дека тие не се наоѓаат во ниедна од ситуациите кои се опишани во членовите 93(1), 94 и 96(2)(а) од Финансиската регулатива која е применлива на општиот буџет на Европските заедници [Совет Регулатива (ЕЗ, Euratom) Бр 1605/2002, како што е изменета и како што е наведено подолу.

Апликантите ќе бидат исклучени од учество во Повикот за предлог-проекти, доколку се наоѓаат во некоја од следниве ситуации:

(а) ако се банкротирани или се во состојба на ликвидација, и нивното работење е во судска надлежност, имаат склучено договори со доверители, ги имаат суспендирано деловните активности, и против нив е отпочната судска постапка, или пак се наоѓаат во некаква слична ситуација која произлегува од слична постапка според националното законодавство или регулативи;

(б) доколку се осудени за некаков прекршок во однос на професионалното однесување со пресуда која има важност на *res judicata*;

(в) доколку биле виновни за сериозна професионална злоупотреба кое е докажано со било какви средства кои договорниот орган може да ги оправда;

(г) доколку немаат исполнето обврски кои се однесуваат на исплата на придонеси за социјално осигурување или исплата на даноци согласно на законските одредби во земјата во која тие се основани, или пак согласно на таквите одредби на земјата на договорниот орган или пак на одредбите во земјата каде се извршува договорот;

(д) доколку тие биле предмет на пресуда која има важност на *res judicata* за измама, корупција, вклученост во криминална организација или било каква друга незаконска активност која е штетна за финансиските интереси на Заедницата;

(ѓ) доколку моментално се предмет на административна санкција според член 96(1) од Финансиската регулатива; [Регулатива на Советот (ЕЗ, Euratom) Бр 1605/2002, како што е изменета].

(е) доколку подлежат на конфликт на интереси;

На апликантите нема да им се додели финансиска помош, доколку на датумот на постапката за доделување на грант:

(а) тие се виновни за погрешно претставување на информациите барани од страна на договорниот орган, како услов за учество во постапката за доделување на грант, или пропуст да се дадат тие информации.

б) спаѓаат во некои од случаите на исклученост од постапката за доделување, споменати во член 93(1) од Финансиската регулатива и подлежат на санкции вклучително и нивна исклученост за период од најмалку десет години од договорите и грантовите кои се финансирани од буџетот на Европските заедници.

Согласно на членовите 93 до 96 од Финансиската регулатива, административни и финансиски казни може да се изречат на апликанти кои се виновни за погрешно толкување или имаат сериозен пропуст во исполнувањето на договорните обврски во претходна постапка за доделување на договор.

За усогласеноста со овие одредби, апликантите мора да потпишат изјава за чест со која потврдуваат дека ниедна од ситуациите наведени во членовите 93(1), 94 и 96(2)(а) од Финансиската регулатива не важат за нив.